Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

***Годишен извештај за примената на***

***Законот за бесплатна правна помош за 2025 година***



Република Северна Македонија

**Министерство за правда**


***Вовед*** ...... ***2***

***Правна и институционална рамка*** ...... ***3***

*Правна рамка* ...... ***3***

*Упатство за примена на Законот за бесплатна правна помош во однос на вршење на вештачење за корисници на секундарна правна помош* ...... ***4***

*Правилник за формата и содржината на образецот на трошковникот за наградарта и надоместокот за извршено вештачење и супервештачење за субјектите кои вршат вештачење*...... ***4***

*Институционална рамка*...... ***5***

*Подрачни одделенија* ...... ***6***

*Статистички податоци за бесплатна правна помош за 2025*...... ***8***

*Примарна правна помош*...... ***8***

*Секундарна правна помош*...... ***11***

***Буџет и финансиски податоци*** ...... ***13***

***Активности за промоција и информирање на јавноста за бесплатна правна помош*** ...... ***14***

***Формирани мобилни тимови за бесплатна првна помош во Управата за водење на матични книги во Скопје, Битола и Штип*** ...... ***16***

***Одбележување на Европскиот ден на правдата*** ...... ***17***

***Национално координативно тело за имплементација на ЗБПП*** ...... ***19***

***Студиска посета во Холандија*** ...... ***21***

***Јакнење на капацитетите на даватели на бесплатна правна помош*** ...... ***23***

*Обуки на правни клиники и здруженија на граѓани*...... ***23***

*Обуки за адвокати* ...... ***24***

*Обуки за судии* ...... ***25***

*Други активности*...... ***26***

***Анекси*** ...... ***27***

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

## ❖ *Вовед*

Годишниот извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2025 година има за цел да го следи процесот на имплементација и примена на Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ'' бр. 101/19 ), во периодот од 1 јануари 2025 година до 31 декември 2025 година.

Согласно член 44 став 1 од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ" бр. 101/19): ***„Министерството поднесува Годишен извештај за бесплатна правна помош за активностите поврзани со обезбедувањето на правната помош до Владата на Република Северна Македонија на усвојување и истиот го објавува на својата веб страница''.***

Извештајот содржи податоци за:

- Бројот на лицата на кои им била дадена примарна правна помош;
- Бројот на поднесени барања за секундарна правна помош;
- Бројот на одобрени барања за секундарна правна помош;
- Бројот на одбиени барања за секундарна правна помош;
- Бројот на донесени решенија со кои се прекинува одобрената секундарна правна помош;
- Правна работа за која се одобрува или се одбива правната помош;
- Број на здруженија кои даваат примарна правна помош;
- Број на правни клиники кои даваат примарна правна помош;
- Број на адвокати кои даваат секундарна правна помош ;
- Буџет наменет за бесплатна правна помош ;
- Износ на средства исплатени за бесплатна правна помош;
- Износ на вратени средства од наплатени трошоци за правна помош.

Подготовката на годишниот извештај, како и процесот на прибирање информации и податоци е во непосредна соработка со Подрачните одделенија при Министерство за правда, Здруженијата регистрирани за давање бесплатна правна помош, како и Правните клиники при универзитетите во Република Северна Македонија.

## ❖ ***<u>Правна рамка и институционална рамка</u>***

### *Правна рамка*

Законот за бесплатна правна помош (Службен весник на РСМ бр. 101/19) се применува од 1 октомври 2019 година.

Со овој закон се уредуваат општите правила за обезбедување на бесплатната правна помош, видовите, опсегот на бесплатната правна помош, давателите и корисниците на бесплатна правна помош, нивните обврски и одговорности, постапката во која се остварува правото на бесплатна правна помош, финансирањето, наградата и надоместокот на трошоците за дадената бесплатна правна помош, бесплатна правна помош во прекугранични спорови, транспарентност и отчетност во давањето бесплатна правна помош, посебните постапки за правна помош, надзорот над примената на овој закон и други прашања кои се однесуваат на бесплатната правна помош. Целта на овој закон е да се овозможи и унапреди правото на физичките лица на пристап до правдата и правичната судска заштита.

Со новиот закон за бесплатна правна помош се подобрени условите за пристап до правдата на тој начин што не само граѓаните кои имаат статус на социјален случај, туку и оние лица кои имаат ниски приходи, да можат да добијат бесплатна правна помош.

На 17 септември 2024 година, Собранието на Република Северна Македонија ги усвои измените и дополнувањата на Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП) со цел подобро усогласување со Законот за вештачење. Овие измени ги вклучуваат сите препораки од Советот на Европа наведени во документот изработен во рамки на проектот за БПП.

Интенцијата на измените е да се решат сите заостанати предмети и да се осигури пристап до правдата за граѓаните. Од друга страна, измените во ЗБПП беа неопходни од причина што по донесување на Законот за вештачење во 2023 година, Бирото за судски вештачења престана да прави вештачења и многу случаи за бесплатна правна помош останаа заглавени во судовите. Измените сега јасно ги дефинираат субјектите надлежни за изработување вештачења за предметите за кои е одобрена бесплатна правна помош, како и начините на кои тие се избираат/назначуваат. Исто така, се регулираат и следниве процедури:

- Изготвување на стручни наоди и мислења;
- Сведочење во судска постапка во случаи со бесплатна правна помош;
- Исплаќање на надоместоци и трошоци на судските вештаци.

Како резултат на измените и дополнувањата на Законот за бесплатна правна помош произлезе и обврската на Министерството за правда да изготви образец на трошковник по кој ќе се врши исплата на лиценцираните вештаци во постапките за бесплатна правна помош. Токму од оваа причина се пристапи кон изготвување на Правилникот во кој е пропишана формата и содржината на образецот на трошковнкот за наградата и надоместокот за извршено вештачење и супервештачење за субјектите кои вршат вештачење.

- **Упатство за примена на Законот за бесплатна правна помош во однос на вршење на вештачење за корисници на секундарна правна помош**

Упатството го разработува правото на вештачење како елемент на правото на секундарна правна помош, изборот на субјекти кои вршат вештачење во конкретен предмет, нивните права, обврски и одговорности, како и постапката за исплата на наградата и надоместокот за извршеното вештачење.

Имајќи го предвид фактот дека пристапот до вешт наод и мислење е од суштествено значење кај голем број предмети, а следствено на тоа и самиот исход на правната работа и остварувањето на правата – оттука се наметна потребата за разработка на законските одредби во јасни, разбирливи и предвидливи правила кои ќе ја олеснат примената на Законот за бесплатна правна помош во однос на правото на корисниците на секундарната правна помош на ослободување од трошоците за вештачењето.

Упатството е наменето за вештаците, Министерството за правда, адвокати и корисниците на секундарна правна помош и истото нема правна сила на подзаконски акт и не е правно задолжително, меѓутоа истото е од големо значење поради тоа што ги разработува законските одредби и прмовира добри практики кои ќе влијаат позитивно на примената на одредбите кои го уредуваат вештачењето во предметите во кои е одобрена секундарна правна помош.

- **Правилник за формата и содржината на образецот на трошковникот за наградата и надоместокот за извршено вештачење и супервештачење за субјектите кои вршат вештачење**

Со Правилникот се пропишува формата и содржината на образецот на трошковникот за наградата и надоместокот за извршено вештачење и супервештачење за субјектите кои вршат вештачење. Трошковникот се поднесува на образец во А4 формат кој е составен дел на Правилникот.

Во **Анекс 1** од овој извештај таксативно се наведени сите усвоени подзаконски акти и истите се групирани според типот на прашања што ги регулираат, а се објавени во („Сл.весник на РСМ бр.199/2019"), како и најновиот Правилник за формата и содржината на образецот на трошковникот за наградата и надоместокот за извршено вештачење и супервештачење за субјектите кои вршат вештачење кој е објавен во („Сл.весник на РСМ бр.129/25 од 27.06.2025).

***Институционална рамка***

Активностите кои се однесуваат на бесплатната правна помош се извршуваат преку Одделението за бесплатна правна помош во рамки на Секторот за бесплатна правна помош и политички систем при Министерството за правда, како и Подрачните одделенија при Министерството за правда.

Одделението за бесплатна правна помош брои 3 (тројца) вработени.

Во рамки на Одделението за бесплатна правна помош се вршат следниве работни задачи:

- подготвување предлози на закони и други прописи во врска со давањето на бесплатната правна помош;
- изготвување извештаи, анализи, осврти, информации и други материјали за Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија, и други органи, што се однесуваат за давањето на бесплатната правна помош;
- водење евиденција на примени барања за бесплатна правна помош;
- водење евиденција за доставени барања до други органи;
- водење регистри на адвокати, здруженија, правни клиники;
- вршење проверка на податоците од соодветните органи;
- подготвување на книги, обрасци и други материјали за потребите на подрачните одделенија при давањето на бесплатната правна помош;
- подготвување решенија за запишување во регистарот на адвокати и во регистарот на здруженијата;
- изготвување решенија за исплата на надомест – за подрачно одделение;
- следење на состојбите во областа за давањето на бесплатна правна помош и унапредување на методот на работа и
- врши други работи определени со закон и друг акт, а кои се однесуваат на бесплатната правна помош.

- ***Подрачни одделенија***

На територијата на Република Северна Македонија има 22 (дваесет и две) подрачни одделенија, со 24 (дваесет и две) подрачни канцеларии и вкупно 77 (седумдесет и седум) вработени, од кои 16 (шеснаесет) лица се со овластување за потпишување на реалните акти – потврди и известувања, и тоа:

**Листа на подрачни одделенија и канцеларии со број на вработени**

| Подрачни одделенија и канцеларии | Број на вработени | Подрачни одделенија и канцеларии | Број на вработени |
|---|---|---|---|
| **1.ПО Радовиш и Берово** | | **11.ПО Кичево** | **10** |
| - Канцеларија Радовиш | **1** | **12.ПО Охрид** | **1** |
| - Канцеларија Берово | **1** | **13.ПО Струга** | **2** |
| **2.ПО Македонски Брод** | **1** | **14.ПО Струмица** | **1** |
| **3.ПО Валандово** | **1** | **15.ПО Штип** | **2** |
| **4.ПО Гевгелија** | **1** | **16.ПО Битола** | **5** |
| **6. ПО Виница и Кочани** | | **17.ПО Прилеп, Демир Хисар и Крушево** | |
| - Канцеларија Виница | **3** | - Канцеларија Прилеп | **0** |
| - Канцеларија Кочани | **1** | - Канцеларија Демир Хисар | **1** |
| | | - Канцеларија Крушево | **0** |
| **7.ПО Делчево** | **1** | **18.ПО Куманово и Кратово** | |
| 8.**ПО Неготино и Кавадарци** | | - Канцеларија Куманово | **6** |
| - Канцеларија Неготино | **3** | - Канцеларија Кратово | **0** |
| - Канцеларија Кавадарци | **1** | **19.ПО Гостивар и Дебар** | |
| **9.ПО Крива Планка и Пробиштип** | | - Канцеларија Гостивар | **7** |
| - Канцеларија Крива Паланка | **1** | - Канцеларија Дебар | **1** |
| - Канцеларија Пробиштип | **0** | **20.ПО Тетово** | **16** |
| **9.ПО Ресен** | **3** | **21.ПО Скопје (Карпош, Гази Баба и Кисела Вода)** | **1** |
| **10.ПО Свети Николе и Велес** | | - Канцеларија Карпош | **2** |
| - Канцеларија Свети Николе | **1** | - Канцеларија Гази Баба | **2** |
| - Канцеларија Велес | **0** | - Канцеларија Кисела Вода | **1** |

Во подрачните одделенија се вршат следните работи и задачи:

- комплетирање на документацијата по барања за бесплатна правна помош;
- давање претходна правна помош;
- водење евиденција на примени барања за бесплатна правна помош;
- водење евиденција за доставени барања до други органи;
- информирање на граѓаните за користење на бесплатна правна помош;
- вршење други работи определени со закон и друг акт.



Министерството за правда води регистри за давателите на примарна правна помош и правна помош во судски и управни постапки, односно секундарна правна помош, кои регистри се објавени на веб страната на Министерството.

Во Регистарот на адвокати за давање на правна помош, во 2025 година запишани се 34 нови адвокати, со што вкупниот број на запишани адвокати за давање на правна помош до крајот на 2025 година изнесува 587 адвокати.

Во Министерството за правда се води и Регистар на здруженија за бесплатна правна помош и Регистар на правни клиники и истите се овластени за давање примарна правна помош.

- Бројот на овластени *Здруженија за давање примарна правна помош* изнесува 16 (шеснаесет);
- Број на овластени *Правни клиники за давање примарна правна помош* изнесува 8 (осум).

### ❖ *Статистички податоци за бесплатна правна помош во 2025 година*

### *Примарна правна помош*

Примарна правна помош во 2025 година е обезбедена преку: Подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерство за правда, преку Здруженијата запишани во Регистарот на здруженија за давање бесплатна правна помош, како и Правните клиники запишани во Регистар на правни клиники.

Примарна правна помош (вкупен број)*

**Табела бр. 1**

| | Вкупен број на лица кои добиле ППП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Мак | Алб | Тур | Ром | Срб | Вла | Други |
| Подрачни одделенија | 2940 | 1602 | 1338 | 1903 | 593 | 172 | 243 | 1 | 0 | 28 |
| Овластени здруженија | 1921 | 762 | 1062 | 1046 | 161 | 13 | 418 | 6 | 0 | 61 |
| Правни клиники | 210 | 90 | 94 | 92 | 21 | 2 | 90 | 0 | 0 | 3 |
| Вкупно | 5071 | 2454 | 2494 | 3041 | 775 | 188 | 751 | 7 | 0 | 92 |

*Табеларен приказ на податоци за вкупен број на лица кои добиле примарна правна помош.

Во 2025 година преку подрачните одделенија, овластените здруженија и правните клиники, вкупно 5071 лица добиле примарна правна помош, од кои 2454 биле мажи, а 2494 биле жени.

Во 2025 година во Подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерството за правда, вкупно 2940 лица добиле примарна правна помош, од кои 1602 биле мажи, а 1338 биле жени. Табеларен приказ на статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле примарна правна помош по Подрачни одделенија е прикажана во Анекс 2 - Табела бр. 1.1 Подрачни одделенија од овој извештај.




Од вкупниот број на лица 2940, кои добиле примарна правна помош во 2025 година во подрачните одделенија, 1903 лица биле од македонска етничка припадност, 593 лица од албанска етничка припадност, 172 лица од турска етничка припадност, 243 лица од ромска етничка припадност, 1 лице од српска етничка припадност и 28 лица од друга етничка припадност.




Согласно извештаите на давателите на бесплатна правна помош најчесто поднесени барања за примарна правна помош во 2025 година се од областа на: имотно- правни работи, развод на брак, изрекување на мерки за заштита на жртви од семејно насилство, заштита на деца, утврдување на татковство итн.

***Здруженијата*** кои даваат бесплатна правна помош се запишани во Регистар на здруженија за бесплатна правна помош при Министерство за правда. Вкупно 16 здруженија се запишани во Регистарот.

Согласно член 8 став 7 од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ''бр.101/19 ) „Здружението за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош е должно да доставува месечни извештаи до Министерството.“

Во 2025 година вкупно 10 (десет) здруженија доставија извештаи за дадена примарна правна помош до Одделението за бесплатна правна помош при Министерството за правда. Вкупно 1921 лица добиле примарна правна помош преку истите здруженија, од кои 762 се мажи, а 1062 се жени.




Во **Анекс 3** од овој извештај прикажана е табела (**Табела бр. 1.2 овластени здруженија**) со статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле примарна правна помош и поднесени барања за секундарна правна помош во овластени здруженија.

**Правните клиники** кои даваат бесплатна правна помош се регистрирани во Регистарот на правни клиники кој го води Министерството за правда и се објавени на веб страната на Министерството. Вкупно 8 (осум) правни клиники се запишани во Регистарот. Во 2025 година вкупно 4 (четири) Правни клиники доставија извештај до Одделението за бесплатна правна помош. Вкупно 210 лица добиле примарна правна помош, од кои 90 се мажи и 94 се жени.




Во **Анекс 4** од овој извештај прикажана е табела (**Табела бр.1.3 Правни клиники**) со статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле примарна правна помош и поднесени барања за секундарна правна помош во Правните клиники.

***Секундарна правна помош***

Секундарна правна помош се одобрува на лице кое има потреба од стручна правна помош од адвокат за конкретна правна работа и кое не е во можност да ги плати трошоците на постапката заради неговата финансиска состојба и чие барање е оправдано. Овластено службено лице во подрачно одделение на Министерството за правда, за секое поединечно поднесено барање за секундарна правна помош донесува потврда со која барањето се одобрува или донесува акт како јавна информација со која го известува барателот дека барањето се одбива.

Во периодот 01.01.-31.12.2025 година биле поднесени вкупно 339 барања за секундарна правна помош.

- одобрени се 258 барања, одбиени се 56 барања;
- донесени се 11 решенија за прекин на одобрената секундарна правна помош;
- 14 се во постапка.

Секундарна правна помош (вкупен број)

**Табела бр.2**

| | **2024** | **2025** |
|---|---|---|
| Број на поднесени барања | 230 | 339 |
| Број на одобрени барања | 174 | 258 |
| Број на одбиени барања | 40 | 56 |
| Број на донесени решенија со кои се прекинува одобрената секундарна правна помош[1] | 5 | 11 |

Согласно извештаите на Подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерството за правда најчесто поднесени барања за секундарна правна помош во 2025 година се од областа на: имотно-правни работи, развод на брак, изрекување на мерки за заштита на жртви од семејно насилство, заштита на деца, утврдување на татковство, оставински постапки итн.

Во **Анекс 5** од овој извештај прикажан е преглед на поднесените барања за секундарна правна помош по подрачно одделение во **Табела бр.2.1**.

[1] Согласно член 26 став 1 од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ „ бр. 101/19 ): Министерството ќе донесе решение со кое се прекинува одобрената секундарна правна помош во следните случаи: - по барање на корисникот, - кога корисникот на правната помош починал, освен ако сите членови на неговото семејство со кои живеел во заедничко домаќинство ги исполнуваат условите за одобрување на секундарна правна помош и имаат правен интерес за решавање на правното прашање, имаат волја да ја продолжат постапката во која е одобрена правна помош и ако се работи за правно прашање кое може да се наследи, а за стапување на место на корисникот во постапката го известат Министерството во рок од 15 дена од денот на смртта на корисникот, - ако адвокатот доставил образложено мислење дека е нецелисходно понатамошно давање на секундарна правна помош, - кога корисникот од неоправдани причини и во континуитет не се состанува со адвокатот во претходно договореното време и место и за тоа не го известил адвокатот или одбива да соработува во процесот на добивање на секундарна правна помош или во процесот при давање на секундарна правна помош, - ако се утврди дека корисникот по донесувањето на решението со кое се одобрува секундарна правна помош повеќе не ги исполнува условите за одобрување на секундарна правна помош утврдени со Оддедот 3 глава II од овој закон, - ако се утврди дека трошоците за одобрената секундарна правна помош се несразмерно повисоки во споредба со вредноста на спорот или - ако во периодот на користење на секундарна правна на помош се утврди дека корисникот дал лажни податоци со цел да добие секундарна правна помош.

### ❖ ***Буџет и финансиски податоци***

Со буџетот на Министерство за правда за 2025 година, одобрени средства/буџет за бесплатна правна помош за 2025 година изнесува 3.000.000,00 денари.

Реализираниот годишен буџет за бесплатна правна помош во 2025 година изнесува 3.031,831,00 денари и тоа:

- врз основа на Решенија за исплата на надомест на адвокати, исплатени се средства во висина од 2.938.989,00 денари;
- на Здруженијата исплатени се средства во висина од 9.375,00 денари;
- за извршени вештачења и супервештачења за субјектите кои вршат вештачење исплатени се средства во висина од 83.467,00 денари.

Со буџетот на Министерство за правда за 2025 година, за БПП обезбедени се средства во висина од 3.000.000,00 денари, на буџетска сметка 637 - Програма 10 Администрација - Ставка 425 Договорни услуги.



### ❖ *Активности за промоција и информирање на јавноста за бесплатната правна помош*

Кампањата за подигање на свеста кај граѓаните на Република Северна Македонија за бесплатната правна помош, спроведена од Министерството за правда, во соработка со проектот на Европската Унија и на Советот на Европа, „За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош во Северна Македонија“, продолжи и во текот на цела 2025 година, информирајќи ги граѓаните за важноста, достапноста и функционирањето на системот за бесплатна правна помош.



Министерството за правда во соработка и со поддршка од гореспоменатиот проект, во 2025 година организираше седум микро-промоции (вкупно 33 од почетокот на кампањата) во седум различни локални заедници: Шуто Оризари, Гази Баба, Кичево, Битола, Куманово, Тетово и Гостивар. Овие промоции беа стратешки организирани со информативни штандови на места каде што граѓаните најмногу се движат, како што се зелените пазари, центри за социјална работа, супермаркети и слично.

Како резултат на овие седум промоции, повеќе од 200.000 граѓани беа информирани преку социјалните и традиционалните медиуми, а директен контакт беше остварен со преку 1 500 граѓани (околу 10 000 граѓани од почетокот на кампањата), осигурувајќи се дека кампањата има допрено и до оние групи на граѓани каде што традиционалните медиуми и онлајн кампањите не можат да вродат со успех.

Заменик министерот за правда Ален Деребан и државниот секретар на Министерството за правда Дајанчо Ефтимов учествуваа на промоциите во Тетово и Гостивар, заедно со вработени во подрачните одделенија во овие градови.

| | Локална заедница | Датум на промоција |
|---|---|---|
| 1. | Промоција во Општина  Шуто Оризари, | 5 мај 2025 |
| 2. | Промоција во Општина  Гази Баба | 5 мај 2025 |
| 3. | Промоција во Општина  Кичево | 12 мај 2025 |
| 4. | Промоција во Општина  Битола | 13 мај 2025 |
| 5. | Промоција во Општина  Куманово | 14 мај 2025 |
| 6. | Промоција во Општина  Тетово | 15 мај 2025 |
| 7. | Промоција во Општина Гостивар | 15 мај 2025 |

Дополнително на промоцијата со инфо-штандовите, информативни сесии за граѓанска регистрација и БПП за граѓаните од ромската етничка припадност беа организирани истите денови во Шуто Оризари, Гази Баба, Кичево и Битола.



### ❖ *Формирани мобилни тимови за бесплатна правна помош во Управата за водење на матични книги во Скопје, Битола и Штип*

Како дел од проектот на Европската Унија и на Советот на Европа, „За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош во Северна Македонија“ спроведуван од Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје,  а во соработка со Министерството за правда, Министерството за дигитална трансформација и ОБСЕ,  три мобилни тимови за бесплатна правна помош, составени од студенти од овластените правни клиники и претставници на овластените здруженија на граѓани започнаа со обезбедување примарна правна помош во подрачните одделенија на Управата за водење на матични книги во Скопје, Битола и Штип. Во текот на двомесечниот период (ноември и декември 2025 година), 496 лица добија примарна правна помош од овие тимови. Оваа иницијатива, која ќе продолжи и во 2026 година има за цел да го унапреди пристапот на граѓаните до правна поддршка преку приближување на услугите таму каде што се најпотребни, а во исто време и да ја зајакне свеста кај граѓаните за постоењето и можностите кои ги нуди бесплатната правна помош.



- ***Одбележување на Европскиот ден на правдата***

Со цел да се одбележи Европскиот ден на правдата Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје, со поддршка на Европската Унија и во соработка со Министерството за правда организираше јавен настан за да ја нагласи важноста на еднаквиот пристап до правдата за сите, промовирајќи човекови права и еднаквост. За време на настанот беа објавени и победниците и победничките од натпреварот за цртежи и есеи ***„Да ја доближиме правдата до граѓаните и граѓанките“*** во којшто учествуваа деца и млади од Северна Македонија, за да се размислува за важноста на еднаквиот пристап до правдата за сите, без дискриминација.

На настанот на високо ниво, присуствуваше и Заменик министерот за правда, Ален Деребан, кој нагласи дека пристапот до правдата е темелот врз кој се гради секоја вистинска демократија. Тој е гаранција дека ниту еден граѓанин нема да биде оставен сам пред неправдите, дека правдата е реална и дека институциите навистина им служат на луѓето. „Како Министерство за правда, континуирано работиме на три клучни приоритети: унапредување на законодавството и зголемување на правната заштита; обезбедување бесплатна правна помош за оние на кои таа им е најпотребна; јакнење на капацитетите на




правосудството – затоа што силни институции значат силна држава. Да продолжиме заедно да го градиме системот во кој граѓаните ќе знаат дека државата стои зад нив, нивните права се неприкосновени, а омразата и дискриминацијата немаат место во нашето општество“, нагласи Деребан.

На настанот исто така присуствуваа: Бен Нупнау, заменик амбасадор на Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, Ѓоко Велковски, заменик министер за социјална политика, демографија и млади, Амбасадорот Кире Илиоски, директор за мултилатерални односи во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Љубомир Михајловски, претседател на Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Учесниците на настанот имаа можност да ја разгледаат изложбата на избрани цртежи и да чујат извадоци од наградените есеи од натпреварот во визуелна уметност и есеи *„Да ја доближиме правдата до граѓаните и граѓанките“*. Натпреварот кој заврши на 25 октомври, го одбележи Европскиот ден на правдата и имаше за цел да ги вклучи младите луѓе да се залагаат за еднаков пристап до правдата за сите, за промоција на човековите права, еднаквоста и разноликоста и за борба против омразата и нетолеранцијата.



❖ ***Национално координативно тело за имплементација на Законот за бесплатна правна помош***

Националното координативно тело за имплементација на Законот за бесплатна правна помош (НКТ) беше формирано во јануари 2020 година со поддршка на проектот на Советот на Европа и Европската Унија, како форум за споделување информации, комуникација и координација помеѓу засегнатите страни на теми од значење за примената на Законот за бесплатна правна помош и олеснување на пристапот до правда на национално ниво.

Во текот на 2025 година НКТ одржа два состаноци (27 март 2025 и 4 декември 2025), на кои се дискутираше на теми од значење за примената на Законот за бесплатна правна помош – постигнувања и предизвици.

Беа истакнати и дискутирани важни теми поврзани со искуствата и предизвиците поврзани со пристапот до правна помош за жртви на семејно насилство, вештачење, планирањето на буџетот, предизвиците со кои се соочува Одделението за бесплатна правна помош и подрачните одделенија при спроведување на Законот за бесплатна правна помош, потребата од изработка на софтвер за

управување со предмети за бесплатна правна помош, бесплатна правна помош за жртви на кривични дела и на трговија со луѓе, улогата на државната Комисија за надоместок за жртви од кривични дела со насилство и останати правни прашања.



На 16-от состанок на Националното координативно тело за бесплатна правна помош одржана на 27 март 2025 година, а организиран од Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје присуствуваше и заменик министерот за правда Ален Деребан.

Меѓу другото, тој во своето обраќање истакна дека Министерството за правда останува отворено за инклузивен процес на изменување на Законот за бесплатна правна помош.




- ***Студиска посета во Холандија***

Од 22-24 септември 2025 година се одржа тридневна студиска посета во Холандија како дел од тековните напори на ЕУ и Советот на Европа за зајакнување на пристапот до правда во согласност со Европските стандарди.

Претставници од Министерството за правда, Адвокатската комора, правните клиники, граѓанските организации, судството и академијата остварија интензивни дискусии со нивните холандски колеги за размена на најдобри практики во управувањето со системот на бесплатна правна помош, финансирањето и улогата на клучните чинители, вклучувајќи ги правните клиники и организации на граѓанското општество. Добиените сознанија од посетата ќе придонесат за понатамошно зајакнување на системот за бесплатна правна помош во Северна Македонија преку примена на најдобрите практики од холандското искуство, со цел обезбедување пристап до правда за сите граѓани.




Холандија е светски призната по својот сеопфатен систем за бесплатна правна помош, кој овозможува еднаков пристап до правда, особено за ранливите и маргинализираните лица. Посетата вклучуваше серија состаноци со клучните холандски институции, вклучувајќи го Телото за бесплатна правна помош на Холандија (Raad voor Rechtsbijstand), Министерството за правда и безбедност и Адвокатската комора. Дискусиите опфатија теми поврзани со управувањето со системот на бесплатната правна помош, механизмите за финансирање и улогата на различните чинители во обезбедувањето на еднаков пристап до правда.



Други важни моменти од посетата беа деталните сесии за начинот на обезбедување правна помош на ранливите групи, системот на дежурни адвокати, услугите за поддршка на жртвите и правната помош за баратели на азил.

Активното учество и размената на знаења на делегацијата за време на овие состаноци придонесуваат во процесот на обликување на поефективен и подостапен систем за бесплатна правна помош во Северна Македонија, за сите граѓани.

❖ ***Јакнење на капацитетите на давателите на бесплатна правна помош***

✓ ***Обуки на правни клиники и здруженија на граѓани***

Во извештајниот период со помош на гореспоменатиот проект на Совет на Европа и Европска Унија се одржаа две каскадни обуки на тема „Обезбедување на бесплатна правна помош во Северна Македонија" за студенти од правните клиники во Битола (4 април 2025) и Скопје (10 декември 2025). На обуките беа обучени вкупно 29 студенти.



Посебни сесии за семејно и родово базирано насилство беа вклучени и на двете обуки.

✓ ***Обуки за адвокати***

25 адвокати стекнаа знаења за бесплатна правна помош, со посебен фокус на жртвите на трговија со луѓе, за време на четвртата каскадна обука, одржана на 8–9 мај 2025 година која се одржа во Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје.




Друга група од 20 адвокати учествуваше на петтата каскадна обука за бесплатна правна помош, на 12–13 јуни 2025 година која се одржа во во Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје.




Вкупен број на обучени адвокати на двете каскадни обуки: 45.

- ✓ ***Обука за судии***

Со цел да се унапреди пристапот до правда за граѓаните, група од 15 судии од Северна Македонија ги зајакнаа своите познавања за правната рамка за бесплатна правна помош и ги подобрија своите вештини во примената на стандардите за бесплатна правна помош во граѓанските и управните постапки. Поддржана од Европската унија и Советот на Европа, оваа обука се одржа во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители. Покрај судиите, на настанот присуствуваа и шест претставници од Министерството за правда и неговите подрачни одделенија/канцеларии, како и претставници од правните клиники и адвокатите.

Искусен локален консултант на Советот на Европа ја водеше обуката преку комбинација од презентации, студии на случај и групна дискусија заснована на случаи. Учесниците го разгледаа опфатот и клучните принципи на Законот за бесплатна правна помош, критериумите за одобрување на секундарна правна помош и практичните обврски на судовите во постапките за бесплатна правна помош. Посебен акцент беше ставен на примената на теоретските концепти во реални правни ситуации, вклучително и прашања поврзани со трошоци, вештаци и застапување.



Учесниците дискутираа и за водечките пресуди на Европскиот суд за човекови права, како што се Airey против Ирска, Kreuz против Полска, и Steel and Morris против Обединетото Кралство, истражувајќи ги нивните импликации за обезбедување ефективен пристап до суд во националната практика.

Активноста придонесе за зајакнување на капацитетите на судиите да го применуваат домашното законодавство и европските стандарди за човекови права, со цел подобар пристап до правда за ранливите групи во Северна Македонија.

Оваа активност беше организирана во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители и Министерството за правда во рамките на проектот "За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош (БПП) во Северна Македонија" кој е дел од заедничката иницијатива на Европската Унија и на Совет на Европа, "Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција".

✓ ***Други активности***

- ***Софтвер за управување со предмети за бесплатна правна помош***

Со поддршка на проектот на Европската Унија и на Советот на Европа, „За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош во Северна Македонија“ спроведуван од Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје, а во соработка со Министерството за правда во тек е изработка на техничка спецификација за софтвер за обработка на барањата за бесплатна правна помош. Се очекува софтверот да биде развиен во текот на 2026 година. Софтверот ќе претставува клучен чекор кон модернизација и дигитализација на системот за правна помош во Северна Македонија.

- ***Формирање на едно тело за управување со системот за бесплатна правна помош***

На барање на Министерството за правда, во текот на извештајниот период беше изработена анализа на трошоци и придобивки за воспоставување единствено тело за управување со системот за бесплатна правна помош, врз основа на претходната студија за изводливост (feasibility study) подготвена во рамки на проектот на ЕУ и Совет на Европа. Во моментов, анализата е во фаза на лекторирање и превод на македонски јазик. Таа ќе претставува клучен ресурс за насочување на Министерството за правда при иницирање на поврзани реформи.

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Анекси

***Анекс 1***

***Подзаконските акти предвидени во Законот за бесплатна правна помош, а се објавени во („Сл.весник на РСМ бр.199/2019”).***

***а. Подзаконски акти за примарна правна помош***

1. Правилник за формата и содржината на барањето за упис во регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош и во регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош;
2. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош и регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош;
3. Правилник за минималните просторни и технички услови кои треба да ги исполнуваат здруженијата заради запишување во регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош;
4. Правилник за содржината, формата и начинот на водење евиденција за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош и содржината на извештаите кои ги доставуваат здруженијата и правните клиники до Министерството за правда;
5. Правилник за образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од здруженијата и правните клиники;
6. Тарифа за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање на примарна правна помош;
7. Правилник за начинот на распишување и спроведување на јавниот конкурс за доделување на финансиски средства за давање на примарна правна помош на овластените здруженија и правните клиники даватели на примарна правна помош, проверката на поднесените документи, начинот на бодување при оценување на пријавите и вршењето на контрола на трошењето на средствата.

***б. Подзаконски акти за секундарна правна помош***

8. Правилник за формата и содржината на барањето за секундарна правна помош;
9. Правилник за содржината, формата и начинот на водење евиденција за податоците што се однесуваат на решавањето на поднесените барања и содржината на извештаите;
10. Правилник за начинот на постапување при прием на барање за секундарна правна помош;
11. Правилник за начинот за назначување на адвокат.

***в. Подзаконски акти во врска со адвокатите***

12. Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за секундарна правна помош;
13. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на адвокати за секундарна правна помош;
14. Правилник за образецот на трошковникот за дадената секундарна правна помош од адвокат.

***г. Подзаконски акти поврзани со конкретните постапки за правна помош***

15. Правилник за образецот на доставениот трошковник од страна на адвокатот за дадената правна помош на деца;
16. Правилник за образецот на барањето за бесплатна правна помош во постапка за признавање на право на азил;
17. Правилник за образецот на трошковникот за дадената секундарна правна помош од страна на адвокат во постапка за признавање на право на азил.

***д.Подзаконски акти поврзани со вештачењето***

18. Правилник за формата и содржината на образецот на трошковникот за наградата и надоместокот за извршено вештачење и супервештачење за субјектите кои вршат вештачење (Сл. Весник бр.129/25).

***Анекс 2***

***Табела со статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле Примарна правна помош по Подрачни одделенија***

***Табела бр. 1.1 Подрачни одделенија***

| Подрачно одделение | Вкупен број на лица кои добиле ППП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Мак | Алб | Тур | Ром | Срб | Вла | Други |
| ПО Крива Паланка | 71 | 25 | 46 | 58 | 0 | 0 | 13 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Берово | 200 | 76 | 124 | 169 | 0 | 1 | 23 | 0 | 0 | 7 |
| ПО Битола | 310 | 202 | 108 | 268 | 15 | 3 | 24 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Македонски Брод | 83 | 61 | 22 | 83 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Виница | 42 | 20 | 22 | 32 | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Валандово | 3 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Гевгелија | 16 | 9 | 7 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Гостивар | 192 | 98 | 94 | 13 | 154 | 11 | 4 | 0 | 0 | 10 |
| ПО Дебар | 27 | 17 | 10 | 1 | 11 | 4 | 11 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Делчево | 51 | 33 | 18 | 46 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 2 |
| ПО Демир Хисар | 116 | 62 | 54 | 110 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| ПО Кавадарци | 131 | 53 | 78 | 99 | 0 | 0 | 32 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кичево | 220 | 190 | 30 | 73 | 81 | 40 | 25 | 1 | 0 | 0 |
| ПО Кочани | 33 | 15 | 18 | 28 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Пробиштип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Прилеп | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Радовиш | 116 | 65 | 51 | 56 | 0 | 38 | 22 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Неготино | 61 | 27 | 34 | 49 | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Охрид | 10 | 5 | 5 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Ресен | 241 | 175 | 66 | 113 | 78 | 40 | 10 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Свети Николе | 62 | 36 | 26 | 62 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Струга | 75 | 35 | 40 | 41 | 20 | 1 | 10 | 0 | 0 | 3 |
| ПО Струмица | 305 | 134 | 171 | 282 | 0 | 22 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Тетово | 198 | 114 | 84 | 14 | 182 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Куманово | 40 | 12 | 28 | 32 | 6 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Штип | 55 | 26 | 29 | 41 | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Карпош | 184 | 75 | 109 | 129 | 17 | 12 | 26 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кисела Вода | 31 | 13 | 18 | 26 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| ПО Гази Баба | 17 | 4 | 13 | 10 | 4 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Скопје | 50 | 17 | 33 | 39 | 6 | 0 | 4 | 0 | 0 | 1 |

***Анекс 3***

***Табела со статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле Примарна правна помош и поднесени барања за секундарна правна помош во Овластени здруженија***

***Табела бр. 1.2 Овластени здруженија***

| Овластено здружение | Вкупен број на лица кои добиле ППП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Мак | Алб | Тур | Ром | Срб | Вла | Други |
| МКЦ Битола | 58 | 30 | 28 | 35 | 3 | 0 | 19 | 1 | 0 | 0 |
| МЗМП | 509 | 211 | 298 | 303 | 49 | 1 | 126 | 4 | 0 | 18 |
| НРЦ Куманово | 56 | 20 | 26 | / | / | / | / | / | / | / |
| ЕХО Штип | 223 | 51 | 172 | 179 | / | 2 | 41 | / | / | 1 |
| Хелсиншки комитет за човекови права на РСМ | 344 | 175 | 168 | 259 | 108 | 3 | 28 | 0 | 0 | 4 |
| Институт за човекови права | 58 | 23 | 35 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Језуитска служба за бегалци | 131 | 62 | 31 | | | | | | | 38 деца |
| Здружение Мултикултура - Тетово | 48 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Организација ЖЕНА-Делчево | 263 | 116 | 147 | 60 | 0 | 0 | 192 | 0 | 0 | 0 |
| Здружение Организација на жените на општина Свети Николе | 231 | 74 | 157 | 210 | 1 | 7 | 12 | 1 | 0 | 0 |

***Анекс 4***

***Табела со статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле Примарна правна помош и поднесени барања за секундарна правна помош во Правни клиники***
***Табела бр. 1.3 Правни клиники***

| Правна клиника | Вкупен број на лица кои добиле ППП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Мак | Алб | Тур | Ром | Срб | Вла | Други |
| Правна Клиника Правен факултет Битола | 81 | 36 | 45 | 44 | 3 | 0 | 31 | 0 | 0 | 3 |
| Правна Клиника Универзитет „Гоце Делчев'' Штип | 103 | 54 | 49 | 45 | 0 | 1 | 57 | 0 | 0 | 0 |
| Правна Клиника „Емине Зендели", Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово | 22 | 0 | 0 | 3 | 14 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Правна клиника на Правниот Факултет при Универзитетот во Тетово | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

***Напомена:*** Покрај таксативно наведените правни клиники во табелата, кои пратија извештаи за дадена примарна правна помош во 2025 година, во овој извештај се напоменува дека:

- **Правната клиника при Меѓународниот Балкански Универзитет**, иако нема регистрирано број на граѓани кои се обратиле до нив да побараат совет околу некое правно прашање, тие имале активности поврзани со семејно насилство и сексуално насилство односно подготовка и презентирање на извештај за бројот на семејно насилство и сексуално насилство во Полошкиот регион. Извештајот е изготвен од правната клиника и наведена е и улогата на правната клиника во делот на давање на БПП на случаите на семејно насилство и родово базирано насилство. Меѓудругото, група од четири студентки од правната клиника се обучуваат во Центарот за поддршка на жените во Тетово, а исто така биле обележени низа активности во текот на 16 дена активизам против родово базирано насислство.
- Правна клиника ***Центар за Правна клиничка едукација по казнено право*** во состав на Правниот факултет Јустинијан Први известија дека немаат регистрирано случаи на дадена бесплатна правна помош.

***<u>Анекс 5</u>***

*Табела бр. 2.1 Преглед на поднесените барања за секундарна правна помош по подрачно одделение* [2,3]

| Подрачно одделение | Број на поднесени барања | Број на одобрени барања | Број на одбиени барања | Во постапка | Број на донесени решение со кое се прекинува СПП |
|---|---|---|---|---|---|
| ПО Крива Паланка | 8 | 5 | 3 | 0 | 0 |
| ПО Берово | 21 | 16 | 2 | 3 | 0 |
| ПО Битола | 28 | 23 | 2 | 3 | 0 |
| ПО Македонски Брод | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Виница | 6 | 5 | 1 | 0 | 2 |
| ПО Валандово | 15 | 15 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Гостивар | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Делчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Демир Хисар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кичево | 8 | 6 | 1 | 0 | 1 |
| ПО Кочани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Пробиштип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Прилеп | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Радовиш | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Неготино | 30 | 24 | 5 | 1 | 0 |
| ПО Охрид | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Ресен | 31 | 27 | 1 | 0 | 3 |
| ПО Свети Николе | 9 | 9 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Струга | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Струмица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Тетово | 28 | 23 | 5 | 0 | 0 |
| ПО Куманово | 32 | 22 | 10 | 0 | 0 |
| ПО Штип | 13 | 8 | 3 | 2 | 0 |
| ПК Карпош | 38 | 24 | 9 | 1 | 4 |
| ПК Кисела Вода | 61 | 40 | 14 | 4 | 3 |
| ПК Гази Баба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

[2] Подрачни одделенија за бесплатна правна помош во општините во кои има овластено лице: ПО Берово, ПО Виница, ПО Гостивар, ПО Делчево, ПО Неготино, ПО Кичево, ПО Крива Паланка, ПО Куманово, ПО Охрид, ПО Ресен, ПО Свети Николе, ПО Струга, ПО Скопје, ПО Тетово, ПО Штип, ПО Карпош

[3] Во Подрачните одделенија каде е прикажано дека има 0, нема овластени лица за одлучување, истите ги препорачаат предметите во ПО каде има овластени лица.

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**